Европско движење на Република Македонија

НАЦИОНАЛНА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (НКЕУ-МК)

Трета сесија на Работна група IV – Правда, слободни и безбедност (Поглавје 24)

Тема: "Миграциските текови како безбедоносен предизвик за Република Македонија"

Експертска анализа

Скопје, 15 Октомври 2018 година

Проф. Др. Блерим Река, Проф. Др. Трпе Стојановски

Темата на третата работилница, со наслов "Миграциските текови како безбедоносен предизвик за Република Македонија" добива во важност, не само за Република Македонија, туку и за ЕУ. Расправата која се планира со работилницата се случува во време кога се очекува да се почне скринингот од ЕУ за поглавјето 24, каде што значајна тема е безбедноста на границите, од една страна и донесувањето на ООН Глобалниот документ за миграции[1] како еден од позначајните документи за миграцијата, после миграциската криза од 2015 година, од друга страна.

Пред две години, Република Македонија, успешно се справи со големиот мигрантски бран од Блискиот Исток, кој земјите од регионот ги препозна како транзитен коридор, но изгледа дека предизвикот од нови миграциски предизвици не е целосно надминат. Сега, низ Македонија не минува масовен миграцијски тек, но сепак многу индикатори зборуваат за случаи на нерегуларна миграција, со примери за криумчарење на мигранти и трговија со луѓе. Полицискиот билтен зборува за индивидуални случаи на криумчарење мигранти, каде што доминантно како сторители се откриени македонски граѓани кои се дел од домашни и меѓународни криминални групи.

Во септември 2018 година шефовите на влади и држави и министрите на земјите членки на Европската Унија, одржаа состанок во Салзбург, на кој се расправаше за новиот миграциски притисок и можните предизвици дека со можна офанзива на режимот на Асад против бунтовниците во Идилб, најмалку 800 илјади нови сиријски емигранти би можело да се упатат кон Европа.

[1] UN GLOBAL COMPACT FOR SAFE, ORDERLY AND REGULAR MIGRATION, 18 July, 2018, https://refugeesmigrants.un.org/sites/default/files/180713_agreed_outcome_global_compact_for_migration.pdf

Последните месеци, освен територијата на Грција, мигрантите го користат и Шпанскиот канал, особено по затварање на италијанскиот - по формирање на новата анти-миграцијска влада во Рим.

Дека мигрантската криза не е завршена, зборува податокот дека само во оваа година, во Средоземјето животот го загубија околу 1,500 мигранти, а во грчките кампови едвај преживуваат 17,000 мигранти.[2]

ЕУ почна преговари со Египетската влада за превентивна програма на задржување на африканските мигранти во оваа земја во мигрантски кампови, или како се нарекуваат во планот на ЕУ "контролирани центри", ("controlled centers"), за чија цел се предвидуваат 500 милијарди евра од Итниот Фонд за Африка, (EU Emergency Trust Fund for Africa).[3]

Но Африка е само едно од потенцијалните мигрантски жаришта кои може да ја преплават Европа. Втората жешка точка останува Сирија, со продолжување на војната таму, од каде мигрантите го користат крајбрежјето на Грција, а од таму преку Република Македонија, продолжуваат до земјите на ЕУ.

Инаку, во европските земји продолжува растот на не-европски станари, кој што во јануари оваа година достигна до 5,8 проценти од целокупното население[4], а паралелно со тоа расте и анти-мигрантското расположение, кое иницираше или доведе до политички промени во неколку земји членки на ЕУ, донесувајќи на власт партии со анти-емигрантска платформа, (Унгарија, Австрија, Чешка, Словачка, Италија и Словенија). Според ББЦ, оваа година во Европа, е забележен раст на популарноста на десничарските партии за 29%, па затоа ЕУ станува попретпазлива кон ова прашање, особено во пресрет на идните Евро- Парламентарни избори, кои треба да се одржат во мај 2019 година.

Затоа, на последиот самит во Салцбург, (20 Септември 2018), според претседателот на Европскиот Совет Доналд Туск, ЕУ преминува на стратегијата "sharp determination",и зајакнување на мисијата на ФРОНТЕКС со формирање на корпус од 10 илјади европски чувари на границите. Еден дел од корпусот на Фронтекс, со околу 500 гранични полициски службеници ќе има надлежност на подрачјето на Западен Балкан, каде по потпишувањето на билатералните договори со земјите од регионот, ќе има мандат за брзо мобилно постапување во обезбедување безбедносна и заштитна функција.

Тргнувајќи од ажноста на поефективна и поефикасна политика спрема барателите на азил, пред самитот од Салзбург, на јунскиот самит на Европскиот совет, се предложи измена на "Даблинскиот документ", ("Dublin Regulation"). Според регулативата на овој документ, се предвидуваше бегалците кои побарале азил во земја-членка на ЕУ во внатрешноста (каде што стигнале), да бидат вратени во земјата членка на

[2] Michael Leigh, "Migration and Europe", (Geopolitical Intelligence Service, 1.09.2018, p.2)
[3] Michael Leigh, "Migration and Europe", (Geopolitical Intelligence Service, 1.09.2018, p.4)
[4] Enrico Clombato, "Wiil immigration sink the EU?", (Geopolitical Intelligence Service, 14.09.2018, p.1)

ЕУ – прва влезна врата, (каде што влегле). По противењето на Грција и Италија – кои најчесто биле први влезни врати во ЕУ, се премина кон реформирање на оваа регулатива.

Бугарското Претседателство со ЕУ дистрибуираше предлог документ за реформа на Даблинснката регулатива, комбинирајќи два основни принципи: солидарноста со одговорноста. Новините предвидуваат, ако некоја земја членка не прифаќа квота на бегалци одредена од Европскиот Совет, тогаш таа се обврзува да плаќа соодветна сума во буџетот на Европската Унија. Спротивно: земјите што би прифатиле повеќе бегалци, би добиле и повеќе ЕУ средства.[5] Оваа политика на ЕУ, иако не е многу гласна, се спроведува и спрема земји кои сеуште не се нејзини членки.

Оваа реформа, претходно беше дискутирана и на Министерскиот Совет на Министрите на Внатрешни Работи на земјите членки на ЕУ, (5 Јуни 2018).[6] Со таканаречената новина: "pre-Dublin Check", се предвидува земјите членки на ЕУ, да не ја спроведуваат Даблинската регулатива, ако лицето кое бара азил доаѓа од безбедна држава, или ако му е обезбедена сигурност во некоја трета држава.

Токму оваа новина, т.е можноста бегалците на кои им се отфрла барањето за азил да бидат вратени во некоја трета земја - вон територијата на ЕУ, ги подгреа стравувањата дека веројатно тие би можеле да бидат вратени во земјите од Западен Балкан.Се спекулира дека ЕУ може да отвори таков прифатен центар во Албанија.

За Република Македонија, нелегалната и неконтролирана миграција представува сериозен безбедоносен предизвик. Особено за нејзините граници, поради фактот што "Балканскиот коридор", како транзитна миграцијска рута минува низ нашата земја. Иако Македонија не е земја на дестинација, туку пред се транзитна земја на мигрантите, сепак евентуален нов масовен бран, останува голем безбедоносен предизвик за земјата.

Република Македонија, преку двата прифатни центри и со полициска помош од околу 150 полициски службеници од некои земји членки на ЕУ (Чешка, Словачка, Австрија, Унгарија, Словенија, Хрватска идр); успешно се справуваше со претходниот масовен миграцијски бран, но сепак ризикот не е надминат-особено со продолжување на Сиријската криза.

Балканскиот полуостров територијално е дел од Европа, но административно не е дел од Европската Унија (иако е опкружен со земји на ЕУ). Овој регион е е извонредно важен за ЕУ, имајќи во вид дека Балканската рута, која е најважен миграциски коридор, минува низ земјите од регионот. Од друга страна, земјите од регионот кои не се дел од ЕУ, сериозно се во процесот на достигнување на стандардите за

[5] Така, се калкулира дека Германија, ако продолжи со овој прифатен тренд од околу 1 милион бегалци, би можела да добие околу 15 милијарди ЕВРА, во наредниот шест-годишен период 2021-2027. (Frankfurter Allgemagne Zeitung, 04.06.2018)
[6] Содржани во 62 члена, кои што регулираат 7 полиња. (Nikolaj Nielsen: "EU Asylum Reform on Life Support", (www.euobserver.com 05.06.2018, 16:22)

членство во ЕУ. Од таа причина, значајни се годишните состаноци на ЕУ со министрите за правда и внатрешни работи кои се одруваат во една од земјите од регионот. Последната министерска средба се одржа на 4 и 5 октомври, 2018 гоина во Тирана, Албанија и на неа, покрај владеењето на правото, организираниот криминал, недозволената трговија со оружје и насилството и екстремниот национализам, најсериозна тема за која се разговара е нерегуларната миграција и подобрување на регионалната соработка.

Презентираните дискусии и утврдените заклучоци се добра основа за покоординирано и поефикасно превенирање на криминалот поврзан со миграциите и за поефикасно управување со миграциските предизвици.

Предлог Препораки на РГ 4

1. *Имајќи предвид дека мигрантската криза не е само актуелен, туку долгорочен феномен се наметнува потребата за* ***континуирана соработка и синергија во дејствување на граѓанскиот сектор со носителите на власта****.*
2. *Австриското претседавање со ЕУ ја има пораката „Европа која заштитува„ ("A Europe that protects"), а безбедносните предизвици од миграцијата ги препознава како* ***најголем приоритет*** *за време на нејзиното претседавање. Неодамнешните миграциски текови, како и можните нови бранови мигранти, ја препознаваат* ***Балканската рута како важна алка на европската безбедност****. Препознаената важност на регионот подразбира дека и* ***Република Македонија треба да придонесе за поголема стабилност со побрзо интегрирање во НАТО и ЕУ****.*
3. *Потребно е* ***натамошно јакнење на националните институции во справување со миграциските предизвици****. Тоа ќе придонесе до натамошно развивање на националната миграциска стратегија и соодветните планови, европските документи и глобалните миграциски случувања; Овие процеси треба да иницираат покохерентна национална политика, со подобрување на меѓуинституционалната соработка. Мерливи индикатори за подобра меѓуинституционална соработка треба да бидат квалитетно изготвени и одржливи планови за постапување во услови на глобална миграциска криза, прегледен миграциски профил за Република Македонија.*
4. *Потребно е* ***натамошно подобрување на националната статистика****, поврзано со миграциските текови.*
5. ***Подобрена комуникација на државните институции со јавноста****, во сферата на информирање за преземените превентивни мерки за поефикасно справување со миграциските предизвици.*
6. *Големата миграциска криза (2015) покажа дека нов миграциски бран може да биде голем национален предизвик за ефикасно справување. Државите, вклучително и Република Македонија употребуваа ресурси со кои ги пресретнуваа предизвиците со класични форми на постапување. Кризата покажа дека претходните политики и механизми не беа доволни за да се управува со процесот. Многу лекции се научија и многу решенија се подобрија, како на пример подобрена е законската регулатива, подобрено е обезбедувањето на граничната линија, подобрено е прифаќањето и постапувањето со мигрантите и бегалците, подобро се препознаваат ранливите групи и подобро се постапува со нив, се обезбедува преведувач, се обезбедува потребна медицинска и здравствена заштита, создадени се похумани услови за престој и живеење во транзитните центри. Сепак, постои простор за* ***натамошно подобрување*** *на овие услови и состојби.*

7. *Во сферата на безбедноста, предизвиците кои ги носи миграцијата и со кои се соочува Република Македонија (и другите земји на правецот на миграциските текови) се состојат во* ***потребата за поефикасно спречување на криумчарењето мигранти, трговијата со луѓе, перење пари и недозволена трговија со оружје****. На овие предизвици им е парирано со класични мерки и методи. Но, новите безбедносни предизвици поврзани со миграцијата* ***предупредуваат дека може да се очекуваат нови облици на загрозување на безбедноста околу и во Европа****. Тие се рефлектираат во* ***миграциски канали*** *кои минуваат низ регионот, а се манифестираат преку* ***насилниот екстремизам и тероризам****. На овие предизвици мора да се реагира со нови механизми и методи, преку ефикасна меѓународна соработка, со развиени инструменти за собирање информации и нивно правовремено споделување.*
8. *Главните,* ***заеднички предизвици за Република Македонија и за Европската Унија*** *се* ***ефикасно управување*** *со миграциските текови на терен, во согласност со меѓународните и стандардите на ЕУ, зајакнување на управувањето со границите,* ***подобро враќање и реадмисија*** *на лица, како и* ***поголемо приближување на македонската регулатива кон европското acquis кое се однесува на визната политика****.*
9. *Потребна е* ***поефикасна регионална соработка со земјите од регионот против нерегуларната миграција и потешките облици на кривични дела*** *поврзани со миграцијата;*
10. *Потребна е* ***анализа*** *(експертиза?) за препознавање на придобивките за Република Македонија од билатералните договори со земјите кои праќаат полициски персонал кај нас, но и за можни ризици од нивното дејствување во Република Македонија.*
11. *Преземање мерки и активности за подобра подготвеност и спроведување на договорот со ФРОНТЕКС, по неговото потпишување кое се очекува на почетокот на 2019 година.*